Арх. Бр.0207/119
17.03.2023 година

# ЈАВЕН ОГЛАС за член на Надзорен Одбор

Врз основа на член 73 став 2 од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија (Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 17.03.2023 година објавува Јавен оглас бр.0207/119 за избор на член на Надзорен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

За член на Надзорен одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија може да биде избрано лице кое ги исполнува следните услови:

- да има минимум 10 години работно искуство како овластен сметководител и најмалку 5 години да има поднесувано годишни сметки како овластен сметководител до денот на поднесување на кандидатурата;
- да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност;
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат горенаведените услови, во рок од 8 дена, сметано од денот на објавувањето на овој Јавен оглас, до архивата на Институтот на ул. Кеј 13ти Ноември кула 2/8, Скопје, (помеѓу 8 и 16 часот) да ги достават следните документи:

- CV за кандидатот;
- Уверение за овластен овластен сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Оригинал документ за вработувања и работни места од Агенција за вработување (АВРСМ) со кој се докажува бројот на години стаж,
- Документ за потврда за редовен работен однос доколку истиот е во редовен работен однос
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,
- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност;

Исполнетоста на критериумите за учество во изборот на член на Надзорен одбор на Институтот ќе биде утврдена од страна на Комисијата од член 72 од Законот. Предност ќе имаат кандидатите кои со приложената документација ќе докажат дека се експерти во областа на сметководството, финансиите, даноците, корпоративното управување и работните односи. По спроведената постапка за исполнетост на критериумите, кандидатите ќе бидат навремено писмено известени дали ги исполнува критериумите за учество за избор на член на Надзорен одбор на Институтот.

Во самата апликација, кандидатот задолжително да наведе дека аплицира за член на Надзорен одбор на Институтот.

Институтот на сметководители
и овластени сметководители
ВД-Претседател:

Весна Прентоска